Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut
**Министерство за култура** | **Ministria e Kulturës**

Сектор за управен и инспекциски надзор | Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - ФИЛХАРМОНИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUCIONI NACIONAL - FILHARMONIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 03-294/1
19.04. 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Архивски знак / Shenja arkiv
Рок на чување: / Afati i ruajtjes:
20.. година / viti
Потпис / Nënshkrimi

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор
## ИП 1 бр. 57-29
## Датум: 11.04.2024 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | РСМ, Национална установа – Филхармонија на Република Северна Македонија- Скопје |
| Седиште/адреса на субјектот | бул. „Гоце Делчев" бр. 2, Скопје |
| Адреса за е-пошта: | |
| Телефон | (02) 3118-450 |
| Матичен број на субјектот | 4065484 |
| Даночен број на субјектот | 4030974182557 |
| Број на жиро-сметка на субјектот | |
| Банка депонент: | Народна банка на РСМ, Скопје |

Одговорно лице на субјектот:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| в.д. директор | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. <u>ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 02.04.2024 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 09:30 ч. | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 05.04.2024 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 14:30 ч. | |
| Назив на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | РСМ, Национална установа – Филхармонија на Република Северна Македонија- Скопје (**во натамошниот текст: Филхармонија)** | | | |
| Главна дејност на објектот–инсталацијата каде што се | Изведувачка уметност (шифра: 90.01) | | | |


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| врши надзорот | |
| Адреса на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | бул. „Гоце Делчев“ бр. 2, Скопје |

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Налогот бр. ИП 1 бр. 57 - 29 од 07.04.2023 г., издадена од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (**во натамошниот текст: СУИН на МК**).

**4) Инспекцискиот надзор е извршен од:**
-Маја Митревска, виш инспектор – раководител на Одделение за инспекциски надзор во СУИН на МК.

**5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

**Предмет:** од аспект на примена на членовите 28 и 36 од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), со коишто се уредени надлежностите на органот на раководење - директор, како и на органот на управување - управен одбор, на национална установа од областа на културата, а во врска со наводите од Претставката УПП бр. 03 - 9 од 20.03.2024 г., поднесена против в.д. директорот на Филхармонија од страна на подносителот од Скопје, преку полномошник - адвокат од Штип, којашто е доставена и до Инспекцискиот совет на РСМ и препратена на надлежност на СУИН на МК со Допис УПП бр. 16-86/2024 од 21.03.2024 година.

**Основ:** член 82 став (1) од **Законот за културата**, а во врска со член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор** („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

**6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:**

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став (3) од Законот за инспекциски надзор.


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

7) За време на **извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше преставуван од следното лице:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| з.д. директор | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, беа присутни следниве лица:

| **Име и презиме и својство** | **Телефон/мејл** |
|---|---|
| зиш соработник за човечки ресурси | |
| , архивар | |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзорот му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

**10) При инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:**

Од страна на од Скопје, преку полномошник - адвокат од Штип, до Министерството за култура поднесена е Претставка, заведена под УПП бр. 03 - 9 од 20.03.2024 г., којашто е доставена и до Инспекцискиот совет на РСМ и со Допис бр. УПП 16-86/2024 од 21.03.2024 г., е препратена на надлежност на СУИН на МК, со наводи за незаконско постапување од страна на в.д. директорот на Филхармонија и повреда на материјалното право содржано во одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, имајќи предвид дека подносителот, којшто е вработен во Филхармонија, не ги исполнува посебните услови утврдени во актот за систематизација за работното место на кое е распореден со Решение бр. 04-145/2 од 26.02.2024 г., донесено од в.д. директорот на Филхармонија.

Имено според наводите во Претставката „ *од Скопје, на ден 08.03.2024 г. прими Решение бр. 04-145/2 од 26.02.2024 г. на в.д. директорот на НУ*


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

*ФИЛХАРМОНИЈА НА РСМ – Скопје, со кое решение в.д. директорот на НУ ФИЛХАРМОНИЈА НА РСМ – Скопје, го распоредил од Скопје, вработен во НУ - ФИЛХАРМОНИЈА НА РСМ – Скопје, на работно место III дувач фагот и контра фагот за кое е предвидено ниво А04 од категорија А на носител на дејност – уметници во НУ ФИЛХАРМОНИЈА НА РСМ – Скопје и истиот се стекнал со статус на носител на дејност во културата уметник од Група 03, Подгрупа 04 во јавна установа, сметано од 29.02.2024 г., утврдил дека правата и обврските на од Скопје, од стекнатиот статус на носител на дејност во културата – уметник се уредуваат согласно Законот за култура и ЗРО, утврдил дека работните цели, задачи и обврски за соодветното место се утврдени во Правилникот за систематизација на работните места и тоа во Табеларниот приказ на работните места во НУ ФИЛХАРМОНИЈА НА РСМ – Скопје. Во став 4 од изреката на нападнатото Решение бр. 04-145/2 од 26.02.2024 г. на в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје е нотирано дека од Скопје, носител на дејност во културата – уметник, е должен да ги извршува работите и работните задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места, како и други работи и работни задачи кои не се содржани во описот на неговите работни задачи, а се соодветни со неговите професионални квалификации и работни компетенции, врз основа на задолженијата од Директорот на установата, издадени во писмена форма, од кое нешто произлегува и дека Задолжението бр. 04-186/1 од 07.03.2023 г. на в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје е составен дел на нападнатото Решение бр. 04-145/2 од 26.02.2024 г. на в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје.*
*ДОКАЗ: Решение бр. 04-145/2 од 26.02.2024 г. на в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје и Задолжението бр. 04-186/1 од 07.03.2023 г. на в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје, во фотокопија.*
*Решението бр. 04-145/2 од 26.02.2024 г. на в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје, в.д. директорот ВЕДНАШ го огласил на огласна табла во просториите на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје без да изврши обид ова Решение да му го достави на од Скопје лично!*
*ДОКАЗ: Увид и Известување и барање за произнесување до в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје од од Скопје примено во НУ Филхармонија на РСМ – Скопје на ден 12.03.2024 г. под бр. 04-194/1 од архивата на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје.*

Понатаму *„в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје во изреката на Решението бр. 04-145/2 од 26.02.2024 г. на в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје воопшто не утврдил на кое работно место е „*


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

*вработениот “ (став 1 алинеа 1 од изреката) односно од кое работно место се распоредува на друго работно место, дали од Скопје е со договор за вработување на определено време или на неопределено време или пак има договор за вработување за замена на друг вработен. Оваа повреда се провлекува во целото Решение бр. 04-145/2 од 26.02.2024 г. на в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје бидејќи оваа околност никаде не е утврдена а воедно претставува повреда и од формално-правен карактер.*

*Исто така, имајќи предвид дека Решението бр. 04-145/2 од 26.02.2024 г. на в.д. Директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје е донесена 26.02.2024 г., воопшто не е во можност в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје да знае каков Решение е донесено на ден 06.03.2024 г. (во неизвесна иднина) но во нападнатото Решение бр. 04-145/2 од 26.02.2024 г. на в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје, во став 2 од образложението на истото стои „На ден 06.03.2024 г., НУ Филхармонија на РСМ има донесено решение за враќање на работник од мирување во работен однос, со кое на работникот му престанува мирувањето на работниот однос и истиот се враќа на работа на работното место Друг уметник втора група со шифра КУЛ 03 04 А04 023 III тромбон, бас тромбон“, факт кој Решението бр. 04-145/2 од 26.02.2024 г. на в.д. Директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје го прави противзаконско, контрадикторно на самото себе, не содржи образложени причини за решителните факти и не може да биде испитано.*

*од Скопје нема засновано работен однос во НУ Филхармонија на РСМ – Скопје како замена за вработениот чиј работен однос бил во мирување!*

*В.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје, исто така, **погрешно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба** односно воопшто на ја утврдил правилната фактичка состојба:*

*- Не утврдил на кое работно место работи од Скопје пред донесувањето на нападнатото Решение 04-145/2 од 26.02.2024 г. на в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје.*

*- Сосема погрешно и неправилно ја утврдил потреба од распоредување на од Скопје на друго работно место односно на работно место III дувач фагот и контра фагот, бидејќи од Скопје не е вработен во НУ Филхармонија на РСМ – Скопје како замена за (тромбонист, бас тромбонист).*

*- Сосема погрешно и неправилно ја утврдил дека од Скопје ги исполнува посебните услови за работното место III дувач фагот и контра фагот*


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

*кога од Скопје е со образование Дипломиран тромбонист и Магистер по музички уметности и не ги исполнува посебните услови за фаготист и контра фаготист, инструменти кои од Скопје не знае да ги свири ниту пак има соодветно образование за истите (кривична одговорност на в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје?). Се стекнува впечаток дека в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје свесно, намерно и противзаконски го донел нападнатото Решение а посебно имајќи го во предвид Задолжението бр. 04-186/1 од 07.03.2023 г. на в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје со кое го задолжува од Скопје да изведува делници на II тромбон, инструмент кој е различен од оној на кој е распореден согласно Решение бр. 04-145/2 од 26.02.2024 г.*

*ДОКАЗ: Диплома за завршена прв циклус на студии со сериски број 03564 од 06.12.2014 г. и Диплома за завршен втор циклус на студии со сериски број 06901 од 06.12.2017 г.*

*В.Д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје со донесувањето на Решението бр. 04-145/2 од 26.02.2024 г.* ***извршил повреда и на материјалното право*** *содржано во одредбите од член 42 од Законот за вработените во јавен сектор, посебно одредбите од став 2 од овој член имајќи во предвид дека од Скопје не ги исполнува посебните услови утврдени со актот за систематизација на работните места во институцијата за работното место на кое е распореден – фагот, контра фагот. Погрешно го применил и материјалното право од член 14 став 1 и член 43 став 1 од Законот за вработени во јавниот сектор како и одредбите од член 76-а став 1 и 2 од Законот за културата.*

*Согласно се погоре наведено, предлагаме во најкраток можен рок да постапите по оваа наша Претставка и ги преземете сите законски дејствија како би ја спречиле целата оваа немила ситуација и не би дозволиле истата да предизвикува штетни дејствија.*

*Прилог: Полномошно, Решение бр. 04-145/2 од 26.02.2024 г. на в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје, Задолжение бр. 04-186/1 од 07.03.2023 г. на в.д. Директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје, Диплома за завршен прв циклус на студии со сериски број 03564 од 06.12.2014 г. и Диплома за завршен втор циклус на студии со сериски број 06901 од 06.12.2017 г., во фотокопија.*

Постапувајќи по предметната Претставка, а согласно со издадениот Налог за вршење инспекциски надзор од 01.04.2024 г., согласно со член 71 став (2) од Законот за инспекциски надзор, преземени се инспекциски дејствија и за почетокот на вршењето на инспекцискиот надзор, закажан за ден 02.04.2024 г., по телефонски


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

пат е известен субјектот на надзорот, во конкретниот случај одговорното лице – в.д. директорот

**Од разговорот со присутните лица и непосредниот увид во следната документација и евиденција кај субјектот на надзорот:**

-Тековна состојба на Филхармонијата од 14.02.2024 г.,
-Решение на министерот за култура бр. 43-7116/2 од 28.07.2017 г., за именување на Виктор Илиески, за вршител на должноста директор на Филхармонијата;
-Решение на министерот за култура бр. 43-1137/1 од 26.01.2018 г., за повторно именување на , за вршител на должноста директор на Филхармонијата;
-Решение на министерот за култура бр. 43-1137/2 од 20.07.2018 г., за повторно именување на , за вршител на должноста директор на Филхармонијата;
-Решение на министерот за култура бр. 43-10019/1 од 31.08.2018 г., за престанок на вршење на должноста вршител на должноста директор на Филхармонијата на ;
-Решение на министерот за култура бр. 43-10019/2 од 31.08.2018 г., за избор на за директор на Филхармонијата;
-Решение на министерот за култура бр. 44-10077/2 од 02.10.2020 г., за престанок на мандат на директорот на Филхармонија, на негово лично барање;
-Решение на министерот за култура бр. 44-10077/3 од 02.10.2020 г., за именување на , за вршител на должноста директор на Филхармонијата,
-Решение на министерот за култура бр. 44-3336/1 од 31.03.2021 г., за повторно именување на , за вршител на должноста директор на Филхармонијата,
-Решение на министерот за култура бр. 44-3336/2 од 28.09.2021 г., за повторно именување на за вршител на должноста директор на Филхармонијата,
-Решение на министерот за култура бр. 44-4648/1 од 29.03.2022 г., за повторно именување на за вршител на должноста директор на Филхармонијата,
-Решение на министерот за култура бр. 44-10324/1 од 03.10.2022 г., за престанок на вршење на должноста вршител на должноста директор на Филхармонијата, со денот на избор на директор,

-Решение на министерот за култура бр. 44-10324/2 од 03.10.2022 г., за избор на , за директор на Филхармонијата,
-Решение за исправка во Решението бр. 44-10324/2 од 03.10.2022 г., за избор на директор бр. 44-10324/6 од 14.10.2022 г.,
-Решение на министерот за култура бр. 44-8408/1 од 12.09.2023 г., за разрешување на , од директор на Филхармонијата;
-Решение на министерот за култура бр. 44-8408/2 од 12.09.2023 г., за именување на за вршител на должноста директор на Филхармонијата;
-Решение на министерот за култура бр. 44-1681/1 од 12.02.2024 г., за престанок на вршење на должноста вршител на должност директор на Филхармонија на ;
-Решение на министерот за култура бр. 44-1681/2 од 12.02.2024 г., за именување на за вршител на должноста директор на Филхармонијата;
- Статут на Филхармонијата бр. 02-126/3 од 05.03.2020 г. (Пречистен текст),
-Решение на министерот за култура бр. 53-2523/2 од 04.03.2020 г, за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот бр. 02-126/2 од 19.02.2020 г.,
-Правилник за систематизација на работните места во НУ-Македонска Филхармонија бр. 01-694/5 од 21.11.2018 г.,
-Согласност од МИОА бр. 12/6-5599/5 од 07.12.2018 г., по Правилникот за систематизација на работните места од 19.02.2020 г., и Правилникот за внатрешна организација;
-Правилник за систематизација на работните места бр. 02-449/4 од 26.08.2020 г.,
-Согласност од УО бр. 02-449/3 од 26.08.2020 г., по правилниците за ситематизација и внатрешна организација од 2020 г.,
-Согласност од МИОА бр. 12/6-2701/3 од 27.08.2020 г., по Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места од 26.8.2020 г.,
-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места бр. 04-256/2 од 16.06.2021 г.,
-Согласност од МИОА бр. 09-2412/3 од 02.07.2021 г., по Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места бр. 04-256/2 од 16.06.2021 г.,
-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места бр. 02-157/1 од 11.03.2020 г.,


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

-Согласност од МИОА бр. 09-1166/2 од 31.03.2022 г., по Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места бр. 02-157/1 од 11.03.2020 г.,

-Решение на министерот за култура бр. 44–1703/3 од 13.02.2024 г., за именување на претседател на УО - претставник од редот на истакнати поединци од областа на културата,

-Решение на министерот за култура бр. 44-13657/2 од 2.12.2021 г., за именување на претседател и член на УО – претставници од редот на истакнати поединци од областа на културата и членови на УО - претставници од редот на вработените;

-Решение на министерот за култура бр. 44-8867/5 од 14.11.2023 г., за именување на член на УО – претставник од редот на локалната самоуправа;

- Одлука за потреба од објавување ЈАВЕН ОГЛАС бр. 01/2019 за вработување бр. 04-651/1,2 од 25.11.2019 г;

- Одлука за избор бр. 04-781/6 од 30.12.2019 г., на кандидат по објавен оглас;

- Записник бр. 04-774/6 од 27.12.2019 г. од аудиција

- Записник бр. 04-767/2 од 17.12.2020 г., од аудициона Комисија

- Договор за вработување на приправник бр. 04-42/1 од 17.01.2020 г;

- Анекс кон договорот за вработување на приправник бр. 04-262/1 од 23.06.2020 г;

- Решение за стекнување на носител на дејност во културата - уметник и распоредување на работно место бр. 04-262/2 од 23.06.2020 г;

- Анекс бр. 2 кон договорот за вработување на приправник бр. 04-729/1 од 24.11.2020 г;

-Решение за стекнување статус на носител на дејност во културата - уметник и распоредување на работно место бр. 04-729/1 од 24.11.2020 г;

- Договор за вработување бр. 04-796/2 од 29.12.2020 г;

- Анекс бр. 1 кон договорот за вработување бр. 04-35/1 од 18.01.2022 г;

- Анекс бр. 2 кон договорот за вработување бр. 04-760/1 од 30.12.2022 г;

- Анекс бр. 3 кон договорот за вработување бр. 04-47/1 од 25.01.2024 г;

- Решение за активирање на работниот однос по мирување бр. 04-639/1 од 02.10.2020 г.;

- Барање за мирување на работен однос бр. 04-640/1 од 02.10.2020 г; од

- Решение за мирување на работниот однос на работник бр. 04-640/2 од 02.10.2020 г;

- Барање за продолжување на мирување на работен однос бр. 04-473/1 од 26.07.2023 г заклучно со 29.02.2024 г.,


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

- Решение за продолжување на мирување на работниот однос на работник бр. 04-473/2 од 27.07.2023 г;

-Барање бр. 04-170/1 од 01.03.2024 г., од работникот за враќања на работно место;

-Решение бр. 04-145/3 од 29.02.2024 г., за активирање на работен однос по мирување на работникот

- Согласности за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии бр. 18-14447/2 од 12.01.2024 г., бр. 18-14448/3 од 16.01.2024 г., бр. 18.12827/2 од 29.12.2022 г., бр. 18-12057/2 од 12.01.2022 г., бр. 18-8557/2 од 24.12.2020 г., бр. 18-11233/3 и 18-555/2 од 14.01.2020 г., бр. 18-8271/4 од 21.11.2019 г;

- Жалба од бр. 03-223/1 од 20.03.2024 г.

- Одлука на Управниот одбор бр. 02-245/3 од 28.03.2024 г.

- Записник од седница на Управниот одбор бр. 02-245/2 од 27.03.2024 г.

- Информација со листа на работни задачи коишто требало да се завршат пред започнување на изборниот процес, доставена до в.д. директорот од страна на Одделението за човечки ресурси при Филхармонија;

**врз основа на што се утврди дека:**

10.1. Во период од 28.07.2017 година заклучно се денот на надзорот со Филхармонијата раководеле следните лица:

- врз основа на член 34 став (1) и (2) од Законот за културата, три пати е именуван за в.д. директор на Филхармонијата, од редот на вработените во Установата, со Решенија на министерот за култура бр. 43-7116/2 од 28.07.2017 г., бр. 43-1137/1 од 26.01.2018 г., и бр. 43-1137/2 од 20.07.2018 г., додека по распишан Јавен оглас за избор на директор согласно со член 29 ставови (1) и (2) и член 30 став (2) од Законот за културата, со Решение на министерот за култура бр. 44-10077/3 од 02.10.2020 г., е именуван за директор. На негово лично барање, со Решение на министерот за култура бр. 44-10077/2 од 02.10.2020 г., му престанува мандатот на функцијата директор на Филхармонија и притоа со Решение на в.д. директорот за активирање на работниот однос по мирување заради извршување на фунцијата директор бр. 04-639/1 од 02.10.2020 г., е распореден на работното место трет тромбон и бас тромбон со шифра КУЛ 03 04 А04 023.

Потоа, со Решение на в.д. директорот на Филхармонија бр. 04-640/2 од 02.10.2020 г., за мирување на работниот однос на работник, му се утврдува мирување на работниот однос заради упатување на неговиот брачен другар на работа во странство во дипломатско и конзуларно преставништво во период од три години.

- , е именувана за в.д. директор на Филхармонијата од редот на вработените со Решение на министерот за култура бр. 44-10077/3 од 02.10.2020 г., со мандат до изборот на директор на Установата, а најдолго за шест месеци. Истото лице, три пати е именувано за в.д. директор и тоа со решенијата на министрите за култура бр. 44-3336/1 од 31.03.2021 г., бр. 44-3336/2 од 28.09.2021 и бр. 44-4648/1 од 29.03.2022 г., а потоа по распишан Јавен оглас за избор на директор согласно со член 29 ставовите (1) и (2) и член 30 став (2) од Законот за културата, со Решение на министерот за култура бр. 44-10324/2 од 3.10.2022 г., е избрана за директор со мандат од 4 години, додека со Решението за исправка во Решението бр. 44-10324/2 од 03.10.2022 г., за избор на директор бр. 44-10324/6 од 14.10.2022 г., е извршена промена во презимето на избраната директорка. Со Решение на министерот за култура бр. 44-8408/1 од 12.09.2023 г., , е разрешена од функцијата директор на Филхармонијата.

- од редот на вработените во установата е именуван за в.д. Директор на Филхармонијата со Решение на министерот за култура бр. 44-8408/2 од 12.09.2023 г., додека со Решение на министерот за култура бр. 44-1681/1 од 12.02.2024 г., за престанок на вршење на должноста вршител на должност директор на Филхармонија е разрешен од оваа функција, и

- од редот на вработените на установата е актуелен в.д. директор на Филхармонијата, именувана со Решение на министерот за култура бр. 44-1681/2 од 12.02.2024 г., за вршител на должноста директор на Филхармонијата;

**10.2.** Во Филхамонијата, во примена е Статутот бр. 02-150/3 од 15.06.2015 г., донесен од Управниот одбор на Установата (**во натамошниот текст: УО**), во согласност со член 35 став (1) точка 1 од Законот за културата, а за којштo согласно со член 25 став (2) од истиот Закон, со Решение на министерот за култура бр. 53-7324/2 од 29.09.2015 г., е добиена потребната согласност.

Во периодот од 2017 до 2020 г., со одлуките за изменување/и дополнување на Статутот на Филхармонијата и тоа: бр. 02-273/3 од 26.09.2017 г., бр. 02-150/3 од 15.06.2015 г., бр. 02-273/3 од 26.09.2017 г. и бр. 02-126/2 од 19.02.20202 г. (за исполнување на општите услови за директор, утврдени со Законот за изменување и дополнување на Законот за културата, објавен во „Сл. весник на РМ“ бр. 11/18, за

усогласување согласно со уставните амандмани XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на РСМ и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI, објавени во „Сл. весник на РСМ“ бр. 06/09 и други измени и дополнувања), од страна на МК се добиени потребните согласности со решенијата: бр. 52-8751/6 од 21.12.2017 г., бр. 52-1588/2 од 26.02.2018 г. и бр. 53-2523/2 од 04.03.2020 година.

**10.3.** Согласно со член 35 од Законот за културата, со Решение на министерот за култура бр. 44 – 1703/3 од 13.02.2024 г., од редот на истакнати поединци од областа на културата именувани се за претседател на УО, а за член со мандат од 4 години. За членови - претставници од редот на вработените именувани се и , додека со Решение на министерот за култура бр. 44-8867/5 од 14.11.2023 г., за член – претставник на УО од редот на локалната самоуправа именувана е .

**10.4.** Во Филхармонијата, во примена е Правилникот за организација и систематизација на работните места бр. 02-449/4 од 26.08.2020 г., донесен од директорот врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на РМ“ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 143/2019 и 14/2020), а во смисла на член 28 став (2) точка 5 од Законот за културата, а за којшто е добиена потребната согласност од Министерството за информатичко општество и администрација бр. 12/6-2701/3 од 27.08.2020 г., за нивната усогласеност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за културата, Колективниот договор за култура, Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација, како и содржината на функционалнта анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор, по претходна согласност од УО бр. 02-449/3 од 26.08.2020 г., по правилниците за ситематизација и внатрешна организација од 2020 г. согласно со член 36 став (1) т. 5 од Законот за културата.

Во 2021 г., од страна на в.д. директорот на Филхармонијата, донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места бр. 04-256/2 од 16.06.2021 г. (во однос на назив на работните места, бројот на извршители), по којшто е добиена Согласност од МИОА бр. 09-2412/3 од 02.07.2021 г., а во 2022 г. и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места бр. 02-157/1 од 11.03.2020 г. (во однос на бројот


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

на извршители), по којшто е добиена Согласност од МИОА бр. 09-1166/2 од 31.03.2022 година.

**10.5.** Заклучно со м. март 2024 г., во Филхармонијата се евидентирани вкупно 126 вработени од кои 23 се на определено време, останатите се на неопределено време, вклучително со в.д. директорот (од кои за 1 извршител, работниот однос е во мирување).

**10.6.** Во периодот во којшто со установата како в.д. директор и директор раководел , во примена бил Правилникот за систематизација на работните места во НУ-Македонска Филхармонија бр. 01-694/5 од 21.11.2018 г., а на кој што од надлежното МИОА била дадена Согласност бр. 12/6-5599/5 од 07.12.2018 година.

Според горецитираниот Правилник за работното место КУЛ 03 04 А04 023, друг уметник втора група, музичар-инструментален отсек: **тромбонист и бас тромбон** е **предвиден еден (1) извршител**, којшто ги извршува следните работи и работни задачи:
-изведувачот на работното место трет тромбон и бас тромбон, иако свири на солистички инструмент, сепак треба да демонстрира одредена флексибилност при изведба на своите делници. Флексибилноста, колку што тоа го дозволува музиката, би значела можност за следење на лидерското свирење на првиот тромбонист, имитирање на неговиот стил, боја на звук, фразирање, вибрато и неговото чувство за ритам.
- примарно изведува делници на бас тромбон, а доколку во одредени композиции во штимот има ознака за трет тромбон, должен за тој концерт да ги свири и двата инструменти,
- треба да се штима со својот водач,
- треба да биде во можност да реагира брзо на промените на интонација, волумен на звук, вибрато со цел заедничко и компактно звучење на групата,
- навремено да го подигнува нотниот материјал од нототеката,

Врз основа на член 12 од Статутот на Филхармонија, а по претходно добиена Согласност бр. 18-8271/4 од 21.11.2019 г., од Министерството за финасии на РСМ, за обезбедени финасиски средства за фискалната 2019 година, за вработување на три лица на неопределено време како и на единаесет (11) лица на определено време, од кои едно лице на работно место - друг уметник втора група-тромбонист и бас тромбон, (работно место коешто било во мирување заради извршување на

фунцијата в.д. директор на установата и за **коешто меѓудругото во горецитираниот правилник за ова работно место е предвиден еден извшител)**, од тогашниот в.д. директор донесена е Одлука бр. 04-651/12 од 25.11.2019 година, за потреба од Јавен оглас за вработување бр. 01/2019, којшто бил објавен во дневните весници „Слободен печат", „Вечер" и „Коха".

Врз основа на Записник бр. 04-774/6 од 27.12.2019 г. од аудиција спроведена на ден 21.12.2019 г. со почеток во 14:00 ч., за работното место тромбон и бас тромбон друг уметник втора група со шифра КУЛ 03 04 А04 023 за вработување во НУ-Македонска филхармонија – Скопје, од тогашниот директор е донесена Одлука за избор бр. 04-781/6 од 30.12.2019 г., на кандидат по објавениот оглас за конкретното работно место.

Со избраниот кандидат , Филхармонијата застапувана од тогашниот директор склучила Договор за вработување на приправник бр. 04-42/1 од 17.01.2020 година, а потоа со Анекс кон договорот за вработување на приправник бр. 04-262/1 од 23.06.2020 г., на определено време со важење од 23.06.2020 г. заклучно со 31.12.2020 г., извршени се измени со којшто бил изменет членот 2 од основниот Договор, поради што уметникот бил распореден на работно место II (втор) тромбон со шифра КУЛ 03 04 А05 013, односно на пониско работно место од местото на коешто е примен на објавениот оглас за што од директорот е донесено и Решение бр. 04-262/2 од 23.06.2020 г., за стекнување на статус носител на дејност во културата - уметник и распоредување на работно место од ниво А05.

Против ова Решение на директорот, работникот не го искористил правото да поднесе жалба до Управниот одбор на Филхармонијата, туку со тогашната в.д. директорка на Филхармонијата, именувана со Решение на министерот за култура бр. 44-10077/3 од 02.10.2020 г., склучил Анекс бр. 2 кон договорот за вработување на приправник заведен под бр. 04-729/1 од 24.11.2020 г., со кој што дипломиран тромбонист е вратен на работното место за коешто првично бил објавен огласот за вработување и на коешто првично бил вработен на определено време за период од 01.12.2020 г., заклучно со 31.12.2020 г., и донесено е Решение бр. 04-729/1 од 24.11.2020 година за стекнување статус на носител на дејност во културата - уметник и распоредување на соодветното работно место, а за коешто биле обезбедени и финасиски средства

во Буџетот на РСМ за 2020 година со Согласност бр. 18-11233/3 и 18-555/2 од 14.01.2020 г., на Министерството за финансии на РСМ.

Ова од причина што во меѓувреме на директорот на негово лично барање, со Решение на министерот за култура бр. 44-10077/2 од 02.10.2020 г., му престанал мандатот на функцијата директор на Филхармонија и притоа со Решение на в.д. директорот за активирање на работниот однос по мирување заради извршување на фунцијата директор бр. 04-639/1 од 02.10.2020 г., е распореден на работното место трет тромбон и бас тромбон со шифра КУЛ 03 04 А04 023, за коешто согласно со важечкиот Правилник за систематизација е предвидено едно работно место, односно еден извршител.
Притоа со Решение на в.д. директорот на Филхармонија бр. 04-640/2 од 02.10.2020 г., за мирување на работниот однос на работник, на му се утврдува мирување на работниот однос заради упатување на неговиот брачен другар на работа во странство во дипломатско и конзуларно преставништво во период од три години.

Врз основа на Записник бр. 04-767/2 од 17.12.2020 г., од аудицијата спроведена на ден 15.12.2020 г. со почеток во 10:00 ч., за полагање на приправнички испит на работни места: еден извршител за работното место прва труба, еден извршител за работно место прва хорна, еден извршител за работно место четврта хорна и еден извршител за работно место трет тромбон и бас тромбон, односно Решението бр. 04-796/1 од 29.12.2020 година за положен приправнички испит, односно аудиција, Филхармонијата застапувана од в.д. директорот, има склучено Договор за вработување бр. 04-796/2 од 29.12.2020 г., со уметникот на определено време за период од 01.01.2021 г., заклучно со 31.12.2021 г., по претходно обезбедени финасиски средства за конкретното работно место со Согласност бр. 18-8557/2 од 24.12.2020 г., на Министерството за финансии за фискалната 2021 година.

Кон основниот Договор за вработување склучен е Анекс бр. 1 заведен под бр. 04-35/1 од 18.01.2022 година, со којшто на вработениот му се продолжува работниот однос на определено време за период од 01.01.2022 заклучно со 31.12.2022 година, врз основа на Согласноста на МФ бр. 18-12057/2 од 12.01.2022 г., за обезбедени финасиски средства за фискалната 2022 година.


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Исто така, со склучување на Анекс бр. 2 заведен под бр. 04-760/1 од 30.12.2022 г., кон основниот Договор за вработување, на вработениот му се продолжува работниот однос на определено време за период од 01.01.2023 заклучно со 31.12.2023 година, врз основа на Согласноста на МФ бр. 18-12827/2 од 28.12.2022 г., за обезбедени финасиски средства за фискалната 2023 година.

- Во 2024 година по претходна Согласност на МФ бр. 18-14447/2 од 12.01.2024 г., бр. 18-14448/3 од 16.01.2024 г., за обезбедени финансиски средства за тековната 2024 година в.д. директорот на Филхармонијата , склучил Анекс бр. 3 заведен под бр. 04-47/1 од 25.01.2024 година, кон основниот Договор за вработување со на којшто работниот однос му се продолжува на определено време за период од 01.01.2024 заклучно со 31.12.2024 година.

Во меѓувреме, на 28.11.2023 година, по електронска пошта од страна на вработениот виш соработник за човечки ресурси во установата, известен е тогашниот в.д. директор со достава за „листа на работи кои ќе треба да се завршат до 1 декември 2023 година, имајќи го предвид периодот во кој следуваат претседателски и парламентарни избори, меѓудругото и за постапување по однос на работното место на на којшто во тој момент работниот однос му бил во мирување се до 28.02.2024 година.

Во дописот е напоменато дека **вработениот треба да се врати на истата позиција (работно место за коешто во актуелниот Правилник за систематизација е предвиден еден извршител)**, поради што потребно е да се направи измена на актуелниот Правилникот за систематизација на работните места во НУ Филхармонија на РСМ, со додавање на уште еден извршител трет тромбон бас тромбон – друг уметник втора група со шифра КУЛ 03 04 А04 023, а потоа УО на Филхармонија да даде согласност и да се побара согласност од МИОА.
На в.д. директорот му е посочено дека оваа постапка мора да се започне што е можно побрзо, со оглед на тоа дека во време на избори нема можност да се прави измена на Правилникот за систематизација на работните места.

Според изјавата на вработениот , од в.д. директорот не се дадени насоки за постапување на службата за човечки ресурси по однос на ова прашање па и други прашања за работењето на установата, туку усно е одговорено од в.д. директорот повеќе да не му се праќаат дописи преку електронска пошта.


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

На 01.03.2024 година, од по електронска пошта, до установата, до в.д. директорот на установата и до Одделението за човечки ресурси е поднесено Барање заведено под бр. 04-170/1, со коешто известува дека на истиот ден 01.03.2024 година поради истекот на мандатот на неговата сопруга на работа во дипломатско-конзуларно претсавништво во странство, се враќа на своето работно место: трет тромбон и бас тромбон со шифра КУЛ 03 04 А04 023, а за што веќе претходно на 25.02.2024 г., и писмено ја информирал установата, со напомена дека на ова работно место работел од 2000 година како хонорарец, а во редовен работен однос во установата е евидентиран од 16.05.2006 година, поради што истиот ден е пријавен во Агенцијата за вработување и во задолжителното социјално осигурување (Образец М1/М2).

Од страна на актуелната в.д. директорка донесено е Решение бр. 04-145/3 од 29.02.2024 г., за активирање на работниот однос по мирување за лицето Виктор Илиески.

Имајќи предвид дека установата била доведена во ситуација во која за едно работно место трет тромбон и бас тромбон со шифра КУЛ 03 04 А04 023, биле вработени двајца извршители, а согласно со актуелниот Правилник за систематизација на работните места, за ова работно место е предвиден еден извршител, актуелната в.д. директорка хоризонтално го распоредила со Решение бр. 04-145/2 од 28.02.2024 г., на работно место и стекнување на статус на носител на дејност во културата-уметник од областа на културата, вработен на определено време, на работно место III дувач фагот и контрафагот за кое е предвидено ниво А04 од категоријата А на носител на дејност-уметници, односно на место за **кое вработениот не ги исполнува посебните услови во актот за систематизација** (имајќи предвид дека приложил диплома за инструмент –дипломиран тромбонист), според кој што изведувачот на работното место трет фагот и контрафагот, иако свири на солистички инструмент, сепак треба да демонстрира одредена флексибилност при изведба на своите делници. Флексибилноста, колку што тоа го дозволува музиката, би значела можност за следење на лидерското свирење на првиот фаготист, имитирање на неговиот стил, боја на звук, фразирање, вибрато и неговото чувство за ритам, изведува делници на контрафагот, а доколку во одредени композиции во штимот има ознака за трет фагот, должен за тој концерт да ги свири и двата инструменти, се штима со својот водач и реагира брзо на промените на интонација, волумен на звук, вибрато со цел заедничко и компактно звучење на групата.


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Во точка 4 од решението за распоредување е наведено дека уметникот е должен да ги извршува работите и работните задачи предвидени во правилникот како и други работи и работни задачи кои не се содржани во описот на неговите работни задачи, а се соодветни со неговите професионални квалификации и работни комптенции, врз основа на задолженијата од директорот на установата, издадени во писмена форма, во конкретниов случај Задолжението бр. 04-186/1 од 07.03.2024 година, донесено од в.д. директорот, според коешто привремено треба да извршува работни задачи кои се соодветни со неговите професионални квалификации и со работните компетенции како уметник вработен во институцијата и тоа:
-да изведува делници на II тромбон
-да се штима по својот водач
-да биде во можност да реагира брзо во промените на интонација, волумен на звук, вибрато со цел заеднички и копмпактно звучење на групата
-навремено да го подигнува нотниот материјалод нототеката
-да доага на закажаните проби со навежбан материјал;
односно задачи од пониско ниво.

Незадоволен од вака донесеното решение за распоредување на работно место III дувач фагот и контрафагот, вработениот поднел Жалба бр. 03-223/1 од 20.03.2024 г., до Управниот одбор на Филхармонијата поради: повреда на ЗОУП, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешена примена на материјалното право. Со жалбата, *„подносителот бара предметното решение за распоредување на работно место и стекнување на статус на носител на дејност во културата – уметник од областа на културата бр. 04-145/2 од 26.02.2024 г. на в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје, да биде укинато и вратено на повторно одлучување кај првостепениот орган, односно в.д. директорот со јасни насоки како да постапи првостепениот орган или второстепениот орган, односно УО да донесе мериторна одлука со која ќе го поништи нападнатото Решение на в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје и истото да не предизвикува правно дејствие“.*

На седницата на УО на Филхармонијата, одржана на 27.03.2024 г. (среда), со почеток во 09:00 ч., меѓудругото како точка на дневен дневен ред за разгледување била предложена жалбата од вработениот .


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Постапувајќи по поднесената жалба, УО на Филхармонијата, во присуство на претставникот на СКРМ при НУ - Филхармонија на РСМ, ја разгледал жалбата на работникот и со Записник од седница на УО бр. 02-245/2 од 27.03.2024 г., утврдил дека е навремена поради што прифатил да постапува и одлучува по истата, по што со четири гласа „за“ констатирал дека жалбата е неоснована и врз основа на член 36 од Законот за културата и член 21 од Статутот на Филхармонијата донел Одлука бр. 02-245/3 од 28.03.2024 г., со која истата ја одбил, додека Решението за распоредување на работно место и стекнување на статус со носител на дејност во културата – уметник од областа на културата бр. 04-145/2 од 26.02.2024 г. на в.д. директорот на НУ Филхармонија на РСМ – Скопје, го потврдил односно останало во сила.

Во телефонски разговор со полномошникот - адвокат , од Штип којшто го застапува вработениот беше изјавено дека најдоцна до понеделник 15.04.2024 г., до надлежниот суд во Скопје, ќе биде поднесена соодветна тужба против установата.

**-Утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзорот:**

**- В.д. директорот на Филхармонијата со донесувањето на Решението бр. 04-145/2 од 28.02.2024 г., за распоредување на работно место и стекнување на статус на носител на дејност во културата-уметник од областа на културата, на лицето вработен на определено време, на работно место III дувач фагот и контрафагот за кое е предвидено ниво А04 од категоријата А на носител на дејност-уметници, односно на место за коешто вработениот не ги исполнувал посебните услови во актот за систематизација (имајќи ја предвид приложената диплома за инструмент –дипломиран тромбонист), а којшто со Решение бр. 04-729/1 од 24.11.2020 г., за стекнување статус на носител на дејност во културата - уметник веќе бил распореден на работно место трет тромбон и бас тромбон со шифра КУЛ 03 04 А04 023, постапил спротивно на Законот за културата. Имено, со преземање на овие активности, в.д. директорот донел акт спротивно на Законот за културата, со што сторил прекршок по член 28, а што е казнив по член 91 став (2) во врска со став (2) алинеа 1 од истиот закон.**

**-Ваквото решение донесено од страна на в.д. директорот, за распоредување на работно место и стекнување на статус на носител на дејност во културата-уметник од областа на културата, на лицето вработен на определено време, на работно место III дувач фагот и контрафагот за кое е**


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

**предвидено ниво А04 од категоријата А на носител на дејност-уметници, е потврдено со Одлука бр. 02-245/3 од 28.03.2024 г., на УО, односно жалбата по ова решение е одбиена како неоснована, а за што од подносителот ќе биде поднесена тужба до надлежниот суд во Скопје.**

**За горе утврдените неправилности од аспект на примена на член 28 од Законот за културата, од страна на инспекторот за култура, ќе биде преземена следнава инспекциска мерка:**

- за сторен прекршок по член 28, што е казнив по член 91 став (2) в.в. со став (1) алинеа 1 од истиот член од Законот за културата, во согласност со член 91-в ставовите (1), (2) и (3) од Законот за културата, а во врска со Законот за прекршоците („Сл. весник на РСМ" бр. 96/19), пред да биде поднесено барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, ќе биде предложена постапка за порамнување на сторителот – одговорно лице во правното лице – в.д. директор, со издавање на прекршочен платен налог за плаќање на глоба за сторен прекршок.

Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

Записникот е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од коишто еден примерок е за потребите на НУ-Филхармонија на РСМ-Скопје, а 3 (три) примерока се за потребите на Секторот за управен и нспекциски надзор на Министерството за култура.

11) Со содржината на овој записник исо утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на субјектот на надзорот:

- ______________________________
- ______________________________
- ______________________________
- ______________________________
- ______________________________


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________
- ________________________________________

| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | , в.д. директор на НУ-Филхармонија на РСМ, Скопје | Печат и потпис на инспекторот за култура: | Маја Митревска, виш инспектор за култура |
|---|---|---|---|
| Датум: | 25 .04.2024 г. | Датум: | 11.04.2024 г. |

Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.

________________________________________


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

**предвидено ниво А04 од категоријата А на носител на дејност-уметници, е потврдено со Одлука бр. 02-245/3 од 28.03.2024 г., на УО, односно жалбата по ова решение е одбиена како неоснована, а за што од подносителот ќе биде поднесена тужба до надлежниот суд во Скопје.**

**За горе утврдените неправилности од аспект на примена на член 28 од Законот за културата, од страна на инспекторот за култура, ќе биде преземена следнава инспекциска мерка:**

- за сторен прекршок по член 28, што е казнив по член 91 став (2) в.в. со став (1) алинеа 1 од истиот член од Законот за културата, во согласност со член 91-в ставовите (1), (2) и (3) од Законот за културата, а во врска со Законот за прекршоците („Сл. весник на РСМ“ бр. 96/19), пред да биде поднесено барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, ќе биде предложена постапка за порамнување на сторителот – одговорно лице во правното лице – в.д. директор, со издавање на прекршочен платен налог за плаќање на глоба за сторен прекршок.

Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

Записникот е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од коишто еден примерок е за потребите на НУ-Филхармонија на РСМ-Скопје, а 3 (три) примерока се за потребите на Секторот за управен и нспекциски надзор на Министерството за култура.

11) Со содржината на овој записник исо утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на субјектот на надзорот:

- Субјектот на надзор не се согласува со заклучоците наведени во Записникот за извршен инспекциски надзор од Минис. за кул. и тоа дека постојат било какви неправилности, заклучоците не кореспондираат со околностите во конкретната ситуација, и не е сторен прекршок во ниту една превземена


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

активност на Законот за култура. Оттие акти се во целост во согласност со Законот за култура. Дека нема отворено неправилности во работењето произлегува и од извршениот инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд. На записник бр. ИП1 бр.0907-495 од 15.04.2024 е констатирано дека: „не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор. Постапката се запира согласно член 83, став 5 од Законот за инспекциски надзор. Во прилог ви го доставуваме горенаведениот записник од ДИТ.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | Ангелина Димоска Миташева, в.д. директор на НУ-Филхармонија на РСМ, Скопје | Печат и потпис на инспекторот за култура: | Маја Митревска, виш инспектор за култура |
| Датум: | 25.04.2024 г. | Датум: | 11.04.2024 г. |

Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.

---



Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk